РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 04.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5522/1 | 0 | |


ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високи раководители, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ,

по скратена постапка

Скопје, септември, 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за високи раководители беше донесен во јуни 2026 (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 146/26). Во преодните и завршните одредби на Законот за високи раководители е предвидено дека тој влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

Со Законот се уредуваат опфатот, статусот на високите раководители во министерствата, другите органи на државната управа и управните организации, како и во други органи и фондовите, основните начела за високите раководители, условите и постапката за именувањето на високите раководители и разрешувањето на високите раководители, како и други прашања поврзани со високите раководители.

Со Прелог на законот за изменување и дополнување на Законот за високи раководители , се предлага дополнување во член 3 во ставот (1), со цел во опфатот на Законот да се вклучат високите раководители во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како и изменување на ставот 1 од член 20 во делот на составот на Комисијата за селекција при Владата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на закон е проширување на опфатот на Законот и на високите раководители во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како и усогласување со коментарите и насоките на Европската комисија во делот на изборот на стручни и професионални претставници во Комисијата за селекција при Владата.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на законот не да предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКИ РАКОВОДИТЕЛИ

Член 1

Во Законот за високи раководители („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 146/26), во членот 3 став (1) по зборовите: „централниот регистар“ се додаваат зборовите: „и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони“.

Член 2

Во член 20 ставот (1) се менува и гласи:

„Ако високиот раководител согласно закон го именува Владата, односно Владата на предлог на ресорниот министер, постапката за селекција ја спроведува комисија формирана од страна на Владата, на предлог на генералниот секретар на Владата (во натамошниот текст: Комисија за селекција при Владата), која се состои од пет членови и нивни заменици и тоа: претседател и негов заменик со стручни познавања од областа на човечките ресурси, еден член и негов заменик од редот на државните службеници од Канцеларијата на претседателот на Владата, два члена и нивни заменици од редот на државните службеници во Генералниот секретаријат на Владата и еден член и негов заменик од редот на раководните државни службеници или други стручни лица за спроведување на постапка за селекција на високи раководители.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за високи раководители содржи три члена.

Со членот 1 од Предлог-законот се дополнува членот 3 став (1), со што во опфатот на Законот се вклучуваат високите раководители во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Со членот 2 се врши измена на членот 20 став 1, при што се менува составот на Комисијата при Влада во насока на прецизирање на претставниците кои ја сочинуваат Комисијата со цел да се предвиди дека Комисијата ќе ја сочинуваат административни службеници и стручни и професионални претставници во процесот на селекција на високите раководители.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и претставуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбеди допрецизирање и усогласување на одредбите.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 3

(1) Одредбите од овој закон се применуваат на високите раководители во министерствата, другите органи на државна управа и управните организации, агенциите кои се основани со законите со кои се уредуваат задолжителните нафтени резерви, катастарот на недвижности, урбанистичкото планирање, поттикнувањето и развојот на земјоделството, финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, примената на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, странските инвестиции и промоцијата на извозот, управувањето со одземен имот, филмската дејност, националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како и централниот регистар (во натамошниот текст: органи), фондовите.

Член 20

(1) Ако високиот раководител согласно со закон го именува Владата, односно Владата на предлог на ресорниот министер, постапката за селекција ја спроведува комисија формирана од страна на генералниот секретар на Владата (во натамошниот текст: Комисија за селекција при Владата), која се состои од пет членови и нивни заменици и тоа: претседател и негов заменик, еден член и негов заменик од Канцеларијата на претседателот на Владата, два члена и нивни заменици од Генералниот секретаријат на Владата и еден член и негов заменик од редот на раководните државни службеници или други стручни лица за спроведување на постапка за селекција на високи раководители.

(2) Стручните и административните работи за Комисијата за селекција при Владата ги врши Генералниот секретаријат на Владата.